РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 13.05.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 3385/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција, по скратена постапка

ПРАТЕНИЦИ:

Пратеници:

1. Бране Петрушевски
2. Антонијо Милошоски
3. Зоран Коцевски
4. Александар Јаканов
5. Никола Кокаловски

ПРЕДЛАГАЧ: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, мај 2026 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за полиција („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 160/25 и 15/26) се уредуваат полициските работи, организацијата на Полицијата, полициските овластувања и правата и обврските што произлегуваат од работниот однос на полициските службеници во Министерството за внатрешни работи што не се уредени со Законот за внатрешни работи.

Со предложениот закон се врши одложување на примената на решенијата содржани во Законот за полиција кои се поврзани со предвидената реформа на Полицијата утврдена во Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 160/25 и 15/26).

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Одложувањето на рокот за примена не се однесува на одредени решенија кои се неопходни за непреченото функционирање на Полицијата, а кои се однесуваат на снимање на јавни места, односно употреба на видео надзор и системи кои коиристат напредна технологија со цел документирање на кривични дела и прекршоци, собирањето и обработката на личните, односно биометриските податоци за потребите на кривичната постапка, постапување по препораки на Европскиот суд за човекови права во делот на овозможување на правен лек против решение на министерот за внатрешни работи со кое одлучува по барање за бришење на податоци од евиденциите на Полицијата и определување конкретни рокови за чување на податоците од евиденциите што ги води Полицијата, усогласување со одредбите од Законот за заштита на личните податоци, како и усогласување на одредбите за засновање на работен однос на полициски службеник со решенијата предвидени во Законот за внатрешни работи.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција не предизвикува финансиски импликации врз Републичкиот буџет.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V.СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна  Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА

**Член 1**

Во членот 21 од Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 160/25) зборовите „1 јули 2026 година“ се заменуваат со зборовите „1 септември 2028 година“, точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите „и одредбите од членовите 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 16, 18 и 20 од овој закон кои ќе започнат да се применуваат од 1 јули 2026 година.“.

**Член 2**

Во членот 4 од Законот за изменување на Законот за полиција („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/25) зборовите „13 мај 2026 година“ се заменуваат со зборовите „1 септември 2028 година“.

**Член 3**

Во членот 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 15/26) зборовите „1 јули 2026 година“ се заменуваат со зборовите „1 септември 2028 година“.

**Член 4**

Во член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 15/26) зборовите „1 јули 2026 година“ се заменуваат со зборовите „1 септември 2028 година“.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција, по скратена постапка содржи 5 члена.

Со членот 1 се уредува стапувањето во сила на измените предвидени во Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 160/25).

Со членот 2 се уредува стапувањето во сила на измените предвидени во Законот за изменување на Законот за полиција („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/25).

Со членот 3 се уредува стапувањето во сила на измените предвидени во Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 15/26).

Со членот 4 се уредува стапувањето во сила на измените предвидени во Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 15/26).

Со членот 5 се утврдува влегување во сила на Законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција се меѓусебно поврзани со одделни одредби од Законот за полиција.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со донесување на овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција ќе се овозможи непреченото функционирање на Полицијата, а кои се однесуваат на снимање на јавни места, односно употреба на видео

надзор и системи кои коиристат напредна технологија со цел документирање на кривични дела и прекршоци, собирањето и обработката на личните, односно биометриските податоци за потребите на кривичната постапка, постапување по препораки на Европскиот суд за човекови права во делот на овозможување на правен лек против решение на министерот за внатрешни работи со кое одлучува по барање за бришење на податоци од евиденциите на Полицијата и определување конкретни рокови за чување на податоците од евиденциите што ги води Полицијата, усогласување со одредбите од Законот за заштита на личните податоци, како и усогласување на одредбите за засновање на работен однос на полициски службеник со решенијата предвидени во Законот за внатрешни работи.

## ИЗВОД НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

**преодна и завршна одредба**
**од Законот за изменување и дополнување**
**на Законот за полиција („Службен весник на РСМ“ бр.160/25)**

**Член 21**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јули 2026 година, освен одредбите од членовите 1, 15, 17 и 19 од овој закон, кои ќе започнат да се применуваат со денот на влегувањето во сила на овој закон.

**преодна и завршна одредба**
**од Законот за изменување на Законот за полиција**
**(„Службен весник на РСМ“ бр.258/25)**

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 13 мај 2026 година, освен одредбата од членот 2 која ќе започне да се применува од 1 февруари 2026 година.

**преодни и завршни одредби**
**од Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција**
**(„Службен весник на РСМ“ бр.15/26)**

**Член 7**

Во членот 21 од Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 160/25), зборовите: „по девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон“ се заменуваат со зборовите: „од 1 јули 2026 година“.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јули 2026 година.